20242083572

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 2 октомври 2024 година.

Бр. 08-4707/1
2 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) во членот 6 став (1) алинејата 1 се менува и гласи:

„- Министерството за јавна администрација,”.

Алинејата 3 се менува и гласи:

„- Министерството за односи меѓу заедниците и“.

Член 2

Насловот на членот 7 се менува и гласи: „Министерство за јавна администрација“.

Во член 7 во ставот (1) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за јавна администрација“.

Член 3

Насловот на членот 9 се менува и гласи: „Министерство за односи меѓу заедниците“.

Во членот 9 зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за односи меѓу заедниците“.

Член 4

Во член 12 во ставот (3) зборовите: „државниот секретар за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „државниот секретар за јавна администрација”.

Член 5

Во член 19-а во ставот (1) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација“.

Член 6

Во член 22 во ставот (3) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација“.

Член 7

Во член 23 во ставот (2) по зборот „министерствата“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Во ставот (3) зборовите: „Комисијата за верификација на фактите,“ се бришат, а зборовите: „Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер“, а зборовите: „Дирекцијата за заштита на личните податоци“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за заштита на личните податоци“.

Член 8

Во член 36 во ставот (3) во алинејата 5 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 9

Во член 37 во ставот (2) во алинејата 4 зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за односи меѓу заедниците“.

Во ставот (5) зборовите: „Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за односи меѓу заедниците“.

Член 10

Во член 87 во ставот (2) зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Член 11

Во член 91 во ставот (1) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 12

Во член 101 во ставот (1) зборовите: „од 4.000 до 5.000 евра” се заменуваат со зборовите: „од 250 до 500 евра”.

Во ставот (2) зборовите: „од 7.500 до 15.000 евра” се заменуваат со зборовите: „од 250 до 500 евра”.

Во ставот (3) зборовите: „од 3.500 до 7.000 евра” се заменуваат со зборовите: „од 250 до 500 евра”.

Во ставот (4) зборовите: „од 2.000 до 3.000 евра” се заменуваат со зборовите: „од 250 до 500 евра”.

Во ставот (6) зборовите: „од 2.000 до 3.000 евра” се заменуваат со зборовите: „од 250 до 500 евра”.

Член 13

Во член 102 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) За прекршоците утврдени со овој закон прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.”.

Член 14

Во член 102-а ставот (2) се менува и гласи:

„Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат податоците за постапката за издавање на прекршочен платен налог (реден број, број и датум на записник за прекршок и правна квалификација на прекршокот), податоци за сторителот на прекршокот (име и презиме или назив на сторител, адреса/седиште на сторителот и матичен број/ЕДБ на сторителот (за странец се запишува број на патна исправа) и за постапката за извршување (број и датум на платен налог; износ на глоба (во евра); рок за доброволно плаќање на глоба; наплата на глоба (да/не) и датум на поднесено барање за поведување на прекршочна постапка).”.

Член 15

Во членот 102-б зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „министерот за јавна администрација”.

Член 16

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија”.

Член 17

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.